**Burim Abazi**

---

**From:** [redacted]
**Sent:** четврток, 14 октомври 2021 19:38
**To:** Burim Abazi
**Subject:** Fwd: "ПРИЈАВА"

15 -10- 2021
03 4024/1

---------- Forwarded message ---------
From: **Државна комисија за спречување на корупцијата** <web@dksk.mk>
Date: Thu, Oct 14, 2021, 19:30
Subject: "ПРИЈАВА"
To: Државна комисија за спречување на корупцијата <izbori@dksk.org.mk>

From: [redacted]
Subject: Пријава

Детален опис на сомневањата за незаконитости и прекршувања во изборниот процес, вклучително и во изборната кампања:
До: Државна комисија за спречување на корупција

Б А Р А Њ Е
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
________________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Дали има судир на интереси доколку на кандидатите за градоначлник и советници, буџетски работници (доктори, професори, медицински сестри и слично), не им мирува работниот однос? Доколку има судир на интереси кој орган е надлежен за утврдување на судирот на интересии и дали тоа е сторено? Дали ДИК/ОИК со потврдување на листите на лица кои имаат судир на интереси направил прекршок потврдувајќи ги листите на кандидатите?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон

- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во 14.10.2021 година [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

--

Оваа порака е пратена преку формата за пријава на изборни нерегуларности Државна комисија за спречување на корупцијата (https://dksk.mk)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03 - 4024/2

27 10 2021 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-4024/1 од 15.10.2021 година, доставено од [redacted] донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-4024/1 од 15.10.2021 година, доставено од [redacted], преку електронска форма (е-маил) до ДКСК **СЕ УСВОЈУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Решението не содржи образложение, согласно член 90 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 14 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

**Да се достави до:**
- подносителот

Бр./Nr 03 - 4024/3

27-10-2021 г./v.

До
[redacted]

Предмет: Известување

[redacted]

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-4024 од 15.10.2021 година, ве известуваме за следното:

Во врска со поставеното прашање *„Дали има судир на интереси доколку на кандидатите за градоначалник и советници, буџетски работници (доктори, професори, медицински сестри и слично), не им мирува работниот однос?“* Согласно член 44 став 3,4,5 и 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/2019):

*„(3) На избраните и именуваните лица, чии функции се извршуваат професионално, работниот однос им мирува согласно со закон.*

*(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

*(5) Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминанен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит. И*

*(7) На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, односно градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.“*

Согласно член 45 став 1 од истиот Закон: *„(1) Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.“* Имено во цитираните одредби од Законот

за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидени се ограничувања и забрани кои важат за избрани лица, а не за кандидати за градоначалници и советници.

Во врска со поставеното прашање *„Доколку има судир на интереси кој орган е надлежен за утврдување на судирот на интереси и дали тоа е сторено?“* Согласно член 17 став 1 точка 3 и 9 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, надлежна институција за постапување по пријави од физички и правни лица за сомнеж за корупција и судир на интереси е Државната комисија за спречување на корупцијата.

По однос на поставеното прашање *„Дали ДИК/ОИК со потврдување на листите на лица кои имаат судир на интереси направил прекршок потврдувајќи ги листите на кандидатите?“* Државната комисија за спречување на корупцијата поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси по службена должност, по барање на службено лице, по пријава на друго лице, по барање на раководното лице во органот, односно институцијата каде службеното лице врши функции, јавно овластувања или службени должности и по анонимна пријава. Имено, доколку Вие или некој друг има наводи за постоење на состојба на судир на интереси во конкретната ситуација може да доставите пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата за проверка и потврдување на фактичка состојба.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
Согласен;